

## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „СИЛЈАН МИЦЕВСКИ“ ОД АВТОРИТЕ СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН ИЃОРЃИ ЛУМБУРОВСКИ

На 14.11.1944 година, во Битола била изведена првата театарска претстава на македонски јазик во Републикава, а тоа го означило отпочнувањето со работа на Народниот театар. Во изминативе неколку децении на слободен и творечки развој, Театарато се вброил меѓу најдобрите во тогашна Југославија, освојувајќи нисоки признанија.

Извесни настојувања во областа на науката во Битла се евидентни и пред ослободувањето, меѓутоа, вистински резултати во оваа смисла се постигнати по

ослободувањето. Со основањето на ДНУ во 1959 година, со покренувањето на неговото гласило ,,Прилози”, со формирањето на издавачката дејност ,,Развиток” се создале услови за широк замав на науката, литературата, уметноста и на културата воопшто. Сега во Битола актовно работат повеќе стотоци научни работници, писатели, уметници и слично.

Филмската дејност во Битола има значајна традиција. Имено, браќата Манаки се првите сниматели на Балканот. Почнувајќи од 1979 година во Битола се воспоставил Филмкиот фестивал што претставува значаен прозорец во светот.

Во Битола работат и други институции, дејности и асоцијалции од областа на културата: Матична библиотека, Завод за заштита на спомениците на културата и природните реткости, Музеј кој располага со бројни и значајни движни и недвижни споменици на културата, Историски архив со богат фонд на документи од сите периоди и од сите домени на животот, Зоградина и друго.

Развиен е аматерскиот живот чии најуспешни претставници се: Републичкиот фестивал на народни и гри и песни ,,Илинденски денови” кој повеќе децении успешно ја развива својата дејност, а КУД ,,Стив Наумов” и ,,Илинден” се вбројуваат меѓу најуспешните во нашата земја. Исто така, постои и Спомен-домот на културата наменет за одвивање на културно-забавниот живот, а се посветува соодветно внимание и грижа за развојот и на физичката култура на битолското подрачје. Затоа, со своите илјадници вработени во општествениот сектор, Битола во периодот по ослободувањето се вбројува меѓу современите, модерни и развиени центри во Република Македонија, во кој се наоѓаат следните значајни историски знаменитости:

**Сааткулата**. Не е познато кога битолската Саат Кула е изградена. Пишуваните извори од ЏВИ век споменуваат една саат кула, но не е јасно дали станува збор за истата. Некои веруваат дека Саат кулата е изградена во периодот на турското владеење, во 1830 година, кога била изградена и црквата Св. Димитриј. Легендата вели дека турските власти собрале околу 60.000 јајца од селските домаќинства од Битолско и ги измешале истите во материјалот за врзување на камените блокови за ѕидовите да бидат многу поцврсти.

Инаку Саат кулата има правоаголна основа и е висока 30-тина метри. Во близина на врвот, има една правоаголна тераса со железна ограда. На секоја страна од оградата

има железна козолна конструкција на која има светилки кои го осветлуваат часовникот. Првобитниот, оригинален часовник бил заменет во текот на Втората светска војна со часовник бил даден од страна на нацистите, бидејќи во градот имало германски гробишта од Првата светска војна.



*Црквата Свети Димитрија*

**Црквата Свети Димитрија** е изградена во 1830 година од доборволни прилози на локалните трговци и занаетчии. Таа е едноствна однадвор, како што сите црвки во Отоманското Царство требало да бидат, но со ретко импресивна внатрешност, раскошно

украсена со канделабри, изрезбарен олтар И изгравиран ицоностас. Според некои теории, иконостато е дело на Миајчките копаничари. Нејзина најимпресивна својство е сводот над страничните галерии со моделирани фигури на Исус и на апостолате.

**Јени џамија (Нова џамија)** се наоѓа во централниот дел на градот. Таа има четвороаголна основа, врз која има купола. Во близина на џамијата има И минарет кое е високо 40 метри. Денес, во неа се наоѓа уметничка галија во која се одржуваат постојани и повремени изложби. Неодамнешните археолошки исикопување открија дека таа е изградена врз стара црква.

**Исакџамијата** е наследство од познатиот кадија Исак Челеби. Во својот простран двор има неколку гробници, атратквити поради нежните, измоделирани фигури на саркофазите.

**СтаратаЧаршија** се споменува во оисот на градот од XVI и XVII век. Денешниот безистен не се разликува многу по својот изглед од првобитниот. Безистенот има 86 продавници И 4 големи желзни порти. Во продавниците обично се продавало текстил, но денес се продаваат и прехранбени продукти.

**Дебој имамот**е турска бања. Не се знае кога била изградена. Во голем степен била разрушена, но по поправките го задржала својот првобитен излгед: прекрасна фасада, две големи куполи и неколку помали. Посебно место во севкупнот живот на Биола им припаѓа на: Хераклеја Линкестис, Музичкото училиште, Библиотеката ,,Св. К. Охридски", Тумбе Кафе, реката Драгор, Велушка Тумба, Бара Тумба, Аеродромот ,,Логоварди" и Широкиот Сокак.

Битола е главен економски индустриски ценар во југозападниот дел на Република Македонија. Голем број од најголемите компаниии во Републикава се наоѓаат во Битола. Пелагонскитот земјоделски комбинат е најголем производител на храна во државата. Водниот систем ,,Стрежево", е најголем во Република Македонија и има најдобри технолошки единици и можности. Трите термоелектрани на РЕК Битола произведуваат речиси 80% од струјата во земјата. Фабриката за фрижидери ,,Фринко" беше водечка компанија за електрични апарати. Битола, исто така, има значајни капацитети во текстилната и прехранбената индустрија.

Битола е домаќин и на десет почесни конзулати и тоа на: Бугарија, Хрватска, Франција, Велика Британија, Грција, Русија, Словенија, Турција, Романија и Србија чиј почесен конзул е Силјан Мицевски-Циле.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**